Виолета АРНАУДОВА

**УДК: 159.928.235:371.3-057.874**

# ПОВРЗАНОСТ НА ТВОРЕЧКИТЕ СТАВОВИ СО ПЕРФЕКЦИОНИЗМОТ НА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

***Кратка содржина***

*Во трудот се презентирани сознанија добиени од истражување кое има цел да утврди каква е поврзаноста на творечките ставови на личноста со позитивниот и негативниот перфекционизам, а потоа да провери дали помеѓу позитивните и негативните перфекционисти постојат разлики во однос на творечките ставови. За да се добијат одговори со поголема валидност, беше истражувана и разликата помеѓу екстремно позитивните и негативните перфекционисти во однос на творечките ставови.*

*Истражувањето е спроведено на пригоден примерок од 82 средношколци од трета година во едно средно училиште од Скопје кои беа тестирани со Скала за позитивен и негативен перфекционизам (PANPS) и Тест за творечки ставови (TTS).*

*При обработката на резултатите беа користени следните статистички постапки: аритметичка средина (M), стандардни отстапувања (SD), Пирсонов коефициент на корелација (r), F-тест за проверка на хомогеност помеѓу варијансите и t-тест за проверка на значајноста на разликите помеѓу аритметичките средини. Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека: творечките ставови се поврзани позитивно со позитивниот перфекционизам, а негативно со негативниот; зголемувањето на позитивниот перфекционизам е следено со зголемено присуство на творечки ставови; зголеменото присуство на негативниот перфекционизам е следено со намалено присуство на творечки ставови.*

***Клучни зборови:*** *ТВОРЕЧКИ СТАВОВИ, ПЕРФЕКЦИОНИЗАМ, ПОЗИТИВЕН ПЕРФЕКЦИОНИЗАМ, НЕГАТИВЕН ПЕРФЕКЦИОНИЗАМ*

Индивидуалните разлики во креативното мислење и однесување можат теориски да се толкуваат на различни начини: со посебни фактори или во интеракција, со разлики во вродените потенцијали и поволните услови на средината или со разлики во нивната интеракција. Творечкиот дух доаѓа до израз кај лица со отворен интелект, наклонетост кон превземање на ризик за да се создаде нешто ново и оригинално, кај лица кои тежнеат да ги надминат мисловните клишеа и конвенционалните начини на однесување.

Истражувањата кои се насочени кон изучување на структурата на творечката личност покажуваат дека покрај високи интелектуални способности таа треба да поседува трудољубивост, упорност и трпеливост во напорната експлоративна работа. Од ***когнитивните особини*** најчесто се наведуваат високата интелигенција, креативната перцепција, супериорноста и неконвенционалноста, творечката фантазија, оригиналноста, комбинирањето и креативното конструирање на идеи, отворениот интелект, ослободеноста од ригидно и стереотипно мислење, неконформизмот во судењето. Но, за творечката личност од голема важност се и ***конативните особини***: внатрешната мотивација, љубопитноста, амбициозноста, самоактуелизацијата, високото ниво на аспирација, интересите, постојаното тежнеење за истражување. Изразувањето на овие особини е поврзано и со ***цртите на темпераментот и карактерот***, како што се: доминантност, независност, самоувереност, самостојност, емоционална стабилност, отсуство на анксиозност, трудољубивост, иницијативност, смелост, сензитивност, слободоумност.

Отсуството на истражувања кои се занимаваат со проучување на поврзаноста на творечкиот став и перфекционизмот на личноста, беше мотив за реализирање на истражување со кое ќе се провери нивната поврзаност. Иако не постои целосно согласување за карактеристиките на перфекционизмот поголемиот број автори се согласуваат дека суштинска карактеристика според која се одвојуваат перфекционистите од неперфекционистите претставува нивото на поставените лични стандарди (Blat, 1995; Frost et al., 1990; Parker, 2000; Slaney et al.,2002; според Gilman& Ashby, 2003). Дополнителен проблем при дефинирањето на перфекционизмот претставува потребата да се прави разлика меѓу нормален (Hamachek, 1978, според Shafran, et al., 2002; Gilman & Ashby, 2003) односно ***позитивен перфекционизам*** (Frost et al.,1993, според Shafran et al., 2002) и ***невротичен*** или ***дисфункционален*** (Frost et al., 1993, според Shafran et al.,2002). Позитивен, нормален перфекционизам (адаптивен) е кога личноста си поставува високи стандарди, но успева и да ги оствари; неадаптивен перфекционизам е кога личноста има високи стандарди според кои ги оценува своите постигнувања, но не е во состојба да ги постигне па тие стануваат извор на фрустрации (Gilman&Ashby, 2003).

Во контекст на наведената дистинкција на перфекционизмот, Адлер (1956, според Selişik, 2003) изјавил дека настојувањето за перфекција е здрава насоченост во развојот на личноста, но станува невротска кога личноста поставува нереални цели. Перфекционизмот може да биде доживеан како пожелна особина бидејќи перфекционистите поставуваат високи цели, организирани се, прецизни и педантни. Од друга страна, тие

не дозволуваат грешки, ригидни се, а можат да бидат и анксиозни поради стравот од неуспех.

Иако во почетните истражувања перфекционизмот се поврзувал со негативните аспекти од човековиот живот (депресија, ниска самодоверба, анксиозност и растројство во исхраната), во поновите истражувања се изучува неговата поврзаност со некои позитивни карактеристики (надареност, самоактуелизација, самопочитување) кои овозможуваат подобар и поквалитетен живот. Позитивните аспекти вклучуваат самоактуелизација, лично прилагодување, високо поставени цели, самодоверба и успех. Негативните перфекционисти пак, се претерано критички настроени, ретко се чувствуваат компетентни при донесувањето на одлуки и при извршувањето на задачи.

Во спроведеното истражување ***позитивниот перфекционизам*** се сфаќа како тенденција на личноста да поставува високи, но реални и достижни цели и желба за постигнување успех. Важна карактеристика е што таа поседува лични стандарди кои се прилагодени на ситуацијата и чувство на сопствена вредност без оглед на исходот. ***Негативниот перфекционизам*** претставува тенденција на личноста да поставува високи и нереални цели, мотивираност од стравот од неуспех, односно тежнеење да се избегне неуспехот и негативните оцени на средината во врска со квалитетот на работата. Ригидноста и претераната самокритичност овозможуваат секој неуспех да ја влошува сликата за себе.

Подготвеноста на личноста да бара нови, неочекувани, необични и духовити решенија за проблемот со кој се соочува отстапувајќи од утврдените навики, стереотипи и шаблони се изразува низ нејзините ***творечки ставови***. Ослободена од стереотипно однесување, личноста е подготвена да ги прима промените со кои се соочува во новите ситуации и на нив да реагира неконвенционално, неконформистички, на необичен и неочекуван начин (Арнаудова, 1996, стр.99).

Творечките ставови не треба да се изедначуваат со способноста за креативно мислење, бидејќи тие само потрајно ги насочуваат лицата на проблемот што го решаваат да му пријдат на нов и необичен начин ослободени од стереотипното и конформистичко однесување. Истакнатите карактеристики на творечките ставови укажуваат дека е логична претпоставката дека на нивното постоење се темели развојот на креативното мислење.

Со оглед на сознанијата дека некои особини, ставови, вредности, мотиви и интереси се неопходни при совладување на новите ситуации,

недоволно изразениот творечки став значи и неподготвеност да се трага по нови, неочекувани решенија на проблемот.

Во овој труд се проценети творечките ставови на испитаниците со **Тестот на творечки ставови** (ТТС) и статистички е проверена поврзаноста на творечките ставови со позитивниот и негативниот перфекционизам мерен со **Скалата за позитивен и негативен перфекционизам** (Positive and Negative Perfectionizm Scale, PANPS).

**Основна хипотеза:**

Зголеменото присуство на позитивниот перфекционизам е следено со поизразени творечки ставови.

**Метод**

Истражувањето е спроведено на пригоден примерок од 82 испитаници-сите ученици од трета година во едно средно училиште од Скопје. 56.1% (N =46) од испитаниците се женски, а 43.9% (N=36) се машки.

*Мерни инструменти*

***Скалата за позитивен и негативен перфекционизам*** (Positive and Negative Perfectionism Scale, PANPS) се состои од 40 ајтеми, од кои 20 се однесуваат на позитивен, а 20 на негативен перфекционизам. Десет од ајтемите кои го мерат позитивниот перфекционизам се однесуваат на перфекционизмот очекуван од себе, а останатите десет на социјално припишаниот перфекционизам. Истото важи и за ајтемите кои се однесуваат на негативниот перфекционизам. Испитаникот треба да го одреди степенот на сложување со секое тврдење на петостепена скала (1 - воопшто не се сложувам, а 5- во потполност се сложувам). Повисокиот резултат на субскалите означува повисок позитивен, односно-повисок негативен перфекционизам.

Теоретскиот опсег на резултатите на двете субскали се движи од 20 до 100. Внатрешната конзистентност за позитивниот перфекционизам изнесува 0.81, а за негативниот 0.89.

***Тестот на творечки ставови*** чиј автор е Eugene Raudsepp, овозможува да се утврди дали испитаникот поседува особини (својства), ставови, вредности, мотиви и интереси кои му овозможуваат да се снаоѓа во нови ситуации. Тестот се состои од 50 прашања од кои на 49 се одговара со зао-

кружување на еден од понудените одговори за да се изрази степенот на сложување со искажаната содржина. Имено, испитаникот има три можности: потполно да се согласи со содржината на тврдењето, делумно да се согласи со неа или потполно да не се согласи. Последното прашање се разликува според структурата во споредба со претходните. Имено, во него од испитаникот се бара од 54 изрази да избере десет кои најреално го опишуваат. Со собирање на бодовите за секое прашање испитаниците се распределуваат во шест групи: некреативни (-21-14), подпросечно креативни (15-29), просечно креативни (30-55), надпросечно креативни (56-84), високо креативни (85-109) или исклучително високо креативни (110-140).

***Обработка на податоците***

За проверка на поставените хипотези користени се: мерки на централна тенденција, мерки на варијабилност, Пирсонов коефициент на корелација, F тест за проверка на хомогеноста меѓу варијансите и t-тест за проверка на значајноста на разликите помеѓу аритметичките средини.

**Резултати**

Во Табела 1. се претставени добиените дескриптивни показатели за позитивниот и негативниот перфекционизам и за творечките ставови.

*Табела 1.*
*Дескриптивни показатели за перефкционизмот и творечките ставови (N=82)*

| | **M** | **теоретски среден скор** | **SD** | **опсег на добиените скорови** |
|---|---|---|---|---|
| **Позитивен перфекционизам** | 77.23 | 60 | 10.20 | 44-100 |
| **Негативен перфекционизам** | 57.93 | 60 | 12.05 | 24-86 |
| **Творечки ставови** | 61.48 | / | 13.02 | 32-107 |

Теоретскиот опсег на скалата за позитивниот и негативниот перфекционизам е од 20 до 100, со среден теоретски скор кој изнесува 60. Се воочува дека испитаниците во просек имаат повисок позитивен перфекционизам (M= 77.23), и понизок негативен перфекционизам (M=57.93).

Опсегот на добиените скорови е поголем за субскалата на позитивен перфекционизам (најнискиот резултат е 44, а највисокиот е 100) во споредба со опсегот на скоровите на субскалата за негативен перфекционизам (најнизок добиен резултат е 24, а највисок 86) при што поголема дисперзија на резултатите е присутна за негативниот перфекционизам. Средношколците своите високи тежнеења се обидуваат да ги остварат низ учењето и училишниот успех, без да бидат инхибирани од негативната перфекционистичка загриженост, грешките и стравот од неуспех.

На скалата за творечки ставови, минималниот постигнат скор изнесува 32, додека максималниот е 107. Теоретскиот опсег за оваа скала е од -21 до 140 бодови и укажува дека не се достигнати екстремните теоретски вредности. Просечната вредност постигната од испитаниците на оваа скала изнесува $M=61.48$ од што можеме да заклучиме дека испитаниците во ова истражување се со изразени творечки ставови.

*Табела 2.*
*Корелација на позитивниот и негативниот перфекционизам со творечките ставови (N=82)*

| | **Позитивен перфекционизам** | **Негативен перфекционизам** |
|---|---|---|
| **Творечки ставови** | .22* | -.39** |

Легенда:
*p<.05 коефициентот е значаен на ниво.05
** p<.01 коефициентот е значаен на ниво.01

Во Табелка 2 е прикажана поврзаноста на перфекционизмот со творечките ставови. Резултатите покажуваат дека творечките ставови позитивно корелираат со позитивниот перфекционизам (корелацијата е значајна на ниво.05) ($r=.22$, $p<.05$), а негативно со негативниот перфекционизам (корелацијата е значајна на ниво.01) ($r=-.39$, $p<.01$).

*Табела 3.*
***Фреквенција на испитаниците според видот (позитивен-негативен) и нивото (високо-ниско) на перфекционизам***

| | позитивен перфекционизам | |
|---|---|---|
| негативен перфекционизам | **низок** | **висок** |
| **висок** | 11 | 30 |
| **низок** | 27 | 14 |

Врз основа на постигнатите резултати на субскалите на перфекционизмот (позитивен и негативен), испитаниците во ова истражување може да се поделат во четири групи:

1. висок позитивен и висок негативен перфекционизам (N=30)
2. висок позитивен и низок негативен перфекционизам (N=14)
3. низок позитивен и висок негативен перфекционизам (N=11)
4. низок позитивен и низок негативен перфекционизам (N=27)

Согласно поставените хипотези направена е споредба во изразеноста на творечките ставови за групата на *позитивни перфекционисти* (висок позитивен и низок негативен перфекционизам, N=14) наспроти групата на *негативни перфекционисти* (низок позитивен и висок негативен перфекционизам, N=11) (Табела 4).

*Табела 4.*
***Разлики во творечките ставови помеѓу позитивните и негативните перфекционисти***

| | творечки ставови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | M | Σ | F | df | t |
| **позитивни перфекционисти** | 14 | 72.44 | 14.28 | 2.02 | 23 | 3.90** |
| **негативни перфекционисти** | 11 | 52.61 | 10.04 | | | |

**p<.01

Како што може да се види (Табела 4), добиената вредност за F (F=2.02) не ја надминува табеларната вредност (F=3.52 за df1=13, df2=10), односно варијансите се хомогени и може да се примени t-тестот за да се тестираат разликите во творечките ставови меѓу позитивните и негативните перфекционисти. Добиената вредност на t тестот е значајна бидејќи ја надминува

табеларната вредност 2.50 (на ниво.01) за 23 степени на слобода (t(23)= 3.90, p<.01), и укажува дека споредуваните групи значајно се разликиваат во однос на творечките ставови. Разликата е во прилог на испитаниците со висок позитивен и низок негативен перфекционизам (*позитивните перфекционисти*).

За да ги провериме разликите во творечките ставови меѓу испитаниците со екстремни постигнувања на субскалите на перфекционизмот беа земени предвид 25% од испитаниците со највисоки постигнувања на позитивниот/негативниот перфекционизам (горна група) и 25% од испитаниците со најниски постигнувања (долна група) на скалата на позитивен/негативен перфекционизам Табела 5 и Табела 6).

*Табела 5.*
*Разлики во творечките ставови помеѓу испитаниците со екстремни разлики во позитивниот перфекционизам (горна група N=21, долна група N=20)*

| | Творечки ставови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | M | Σ | F | df | t |
| **горна група** | 21 | 84.69 | 12.03 | 1.87 | 39 | 12.43** |
| **долна група** | 20 | 43.17 | 8.44 | | | |

**p<.01

Како што може да се види (Табела 5), добиената вредност на F (F= 1.87) за варијаблата творечки ставови не ја надминува табеларната вредност (F=2.51 за df1=20 и df2=19), односно варијансите се хомогени и разликата помеѓу аритметичките средини во творечките ставови за двете групи на испитаници со екстремни постигнувања на скалата за позитивен перфекционизам (горна и долна група) може да се тестира. Добиената вредност на t-тестот е значајна бидејќи ја надминува табеларната вредност 3.00 за p<.01 за 39 степени на слобода (t(39)=12.43, p<.01). Двете споредувани групи статистички значајно се разликуваат во однос на творечките ставови, односно испитаниците со најизразен позитивен перфекционизам (горна група) имаат поизразени творечки ставови (M=84.69) во споредба со испитаниците со најмалку изразен позитивен перфекционизам (долна група) (M=43.17).

*Табела 6. Разлики помеѓу испитаниците со екстремни разлики во негативниот перфекционизам (долна група N=21, и горна група N=21)*

| | Творечки ставови | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | N | M | Σ | F | df | t |
| **Дорна група** | 21 | 67.14 | 9.16 | 1.63 | 40 | 5.13** |
| **Горна група** | 21 | 50.12 | 11.69 | | | |

** p<.01

При споредување на групите со екстремни разлики во негативниот перфекционизам (Табела 6), добиената вредност на F=1.63 не ја надминува табеларната вредност (F=2.46 за df1=20 и df2=20), односно варијансите се хомогени. Добиената вредност на t- тестот за разликите во творечките ставови на двете споредувани групи е значајна бидејќи ја надминува табелираната вредност 2.42 за p<.01 за 40 степени на слобода (t(40)=5.13, p<.01). Врз основа на овие наоди може да се заклучи дека испитаниците кои имаат најниски скорови на негативниот перфекционизам имаат поизразени творечки ставови (M=67.14) во споредба со испитаниците со највисоки скорови на скалата за негативен перфекционизам (M=50.12).

## Дискусија

Добиените резултати (Табела 1) укажуваат на поизразено присуство на позитивен перфекционизам кај испитаниците, што не наведува на заклучок дека испитаниците вклучени во истражувањето си поставуваат високи критериуми и се мотивирани од желбата за успех, имаат висока самодоверба и не покажуваат загриженост поради потенцијалниот неуспех. Испитаните субјекти покажуваат надпросечни резултати и во однос на творечките ставови (Табела 1).

Наодот за статистички значајна поврзаност на творечките ставови со позитивниот перфекционизам (r=0.22) се совпаѓа со размислувањата дека позитивните аспекти на перфекционизмот придонесуваат за поставување на високи цели, за флексибилност и за задоволство од постигнатите цели. Од друга страна, негативниот перфекционизам е негативно поврзан со творечките ставови (r= -0.39), што е во склад со претпоставките дека негативните аспекти на перфекционизмот како што се незадоволството од постигнатото, ниската самодоверба и ригидноста, имаат негативно влијание врз себевреднувањето и креативноста.

Од споредбата на добиените резултати за позитивните и негативните перфекционисти може да се заклучи дека творечките ставови се поизразени кај позитивните перфекционисти. Тие се повеќе ориентирани кон остварување на поставените цели, покажуваат динамичност и посветеност на задачите што ги извршуваат, успешно ја проценуваат ситуацијата. Спротивно на нив, негативните перфекционисти си поставуваат високи и недостижни цели, ригидни се, се плашат од неуспех и од преземање ризик, претерано се самокритични, што води до отсуство на ентузијазам и енергичност при извршување на задачите.

Овие сознанија се поткрепени и со наодите за разликите во изразеноста на творечките ставови меѓу испитаниците со екстремни разлики во позитивниот односно негативниот перфекционизам. Испитаниците со највисок позитивен перфекционизам имаат повисоко изразени творечки ставови во споредба со оние со најнизок позитивен перфекционизам, а зголемувањето на негативниот перфекционизам е следено со намалување на творечките ставови.

Со оглед на тоа што творечките ставови ја изразуваат подготвеноста на личноста да бара нови, неочекувани, необични и духовити решенија за проблемот со кој се соочува отстапувајќи од утврдените навики, стереотипи и шаблони, добиените резултати му противречат на еднодимензионалното толкување според кое перфекционизмот е непожелна особина која негативно се манифестира на когнитивен, емоционален и бихејвиорален план.

Според повеќедоменизионалниот пристап позитивните перфекционистички тежнеења може да претставуваат позитивна карактеристика доколку личноста не е премногу загрижена заради можните грешки и негативната социјална евалуација. Кај позитивниот перфекционизам, однесувањето е насочено кон постигнување на високи цели кои се следени со позитивни последици (позитивно поткрепување), додека кај негативниот перфекционизам однесувањето е мотивирано од тежнеењето да се избегне неуспехот (негативно поткрепување). Позитивните перфекционисти поставуваат високи, но реално достижни цели, и личните стандарди и критериуми ги прилагодуваат на ситуацијата. Тие се среќни и задоволни кога ќе успеат, а неуспехот не го доживуваат трагично и не го поврзуваат со својата личност. Спротивно на тоа, негативните перфекционисти поставуваат нереални и недостижни цели, па поради тоа не се ослободени од стравот од неуспех кој ја гуши иницијативноста и ентузијазмот и негативно влијае на творечкиот став.

## ЛИТЕРАТУРА

Арнаудова, В.(1996). *Потикнување и развивање на креативното мислење со техники на дивергентна продукција.* Скопје: Просветно дело

Gilman,P., Ashby, J.S. (2003) A first study of prfectionism and multidimensional life satisfaction among adolescents. *Journal of Early Adolescence,*Vol.23, No. 2, 218-235

Molnar, M. (2006). *Povezanost perfekcionizma sa samopoštovanjem i zadovoljstvom kvalitetom života.* Sveučilište u Zagrebu, Filozofski fakultet, Odsjek za psihologiju

Selisik, Z.E.S. (2003). *The dimensions of perfectionism and their relations to helpless explanatory style.*The Graduate school of Social sciences of Middle East Technical University

Shafran,R., Cooper, Z., Fairburn,C.G. (2002) Clinical perfectionism: a cognitive behavioral analyses. *Behaviour Research and therapy,* 40, 773-791

Violeta ARNAUDOVA

# RELATION BETWEEN THE CREATIVE ATTITUDES AND THE PERFECTIONISM OF THE HIGH SCHOOL STUDENTS


## Summary

This study presents the findings gathered with the research, which aim was to determine if there was any relation between the person's creative attitudes and the positive and negative perfectionism, and afterwards to check if there were differences between the positive and the negative perfectionists concerning the creative attitudes. For better validity of the study, the difference between the extremely positive and the extremely negative perfectionists concerning the creative attitudes was also examined.

This research was conducted on an adequate sample of 82 third year students from one High school in Skopje, who were tested with the Positive And Negative Perfectionism Scale (PANPS) and the Test for Creative Attitudes (TCA).

In processing the results, the following statistics procedures have been used: arithmetic mean (M), standard deviations (SD), Pearson coefficient of correlation (r), F-test for checking the homogeneity between variances and t-test for checking the differences between arithmetical means. According to the obtained data, it can be concluded that: the creative attitudes are positively related to the positive perfectionism, and negatively with the negative perfectionism; the increase of the positive perfectionism is followed by the increase of the creative attitudes; the increased negative perfectionism is followed by decreased creative attitudes.


**Keywords**: CREATIVE ATTITUDES, PERFECTIONISM, POSITIVE PERFECTIONISM, NEGATIVE PERFECTIONISM